РЕЗУЛТАТИ ОД ЈАВЕН ПОВИК

за доделување микрогрантови во рамки на програмата „Фондот за климатска акција на младите“ (Youth Climate Action Fund)

поддржан од Bloomberg Philanthropies

Општина Свети Николе ги објавува ранг-листите на избраните проектни предлози во рамките на Јавниот повик за доделување микрогрантови во рамките на програмата „Фонд за климатски активности на младите“ (Youth Climate Action Fund).

Јавниот повик се реализира во рамките на глобалната програма „Фонд за климатски активности на младите“, која поврзува 300 градови ширум светот, со цел зајакнување на младите и нивно активно вклучување во развојот и спроведувањето на локални климатски решенија.

Врз основа на пристигнатите проектни пријави, беше спроведена повеќефазна постапка за евалуација и селекција, која опфати административна проверка, оценување од страна на евалуатори и разгледување на апликациите од страна на стручна комисија. По првичната селекција согласно поставени критериуми од страна на Комисијата, со младите апликантите и нивните ментори беше остварена комуникација и беа дадени препораки за ревидирање и подобрување на одредени делови од апликациите, со цел нивно усогласување со критериумите на повикот. Конечната ранг-листа е формирана со собирање на бодовите од евалуацијата од страна на членовите на стручната комисија на доставените проектни пријави.

При оценувањето на проектите беа вреднувани нивната усогласеност со климатските приоритети на Општина Свети Николе, релевантност за локалниот план за климатска акција, улога на младите, иновативност, изводливост и планирање, буџет и влијание.

За финансирање на проектните идеи е предвиден вкупен буџет од 41.500,00$ со цел да им се обезбеди поддршка на младите во реализацијата на конкретни активности од областа на **Вода и суша – ПРИОРИТЕТНА ТЕМА, Енергија и сонце – ПРИОРИТЕТНА ТЕМА, Отпад и рециклирање – ПРИОРИТЕТНА ТЕМА, Зеленило и природа, Заштита на граѓаните и Мобилност и јавни простори.**

Општина Свети Николе им се заблагодарува на сите пријавени тимови за вложениот труд, креативноста и посветеноста, како и за квалитетните идеи со кои ја покажаа својата подготвеност активно да придонесат кон создавање позелено, поодржливо и климатски поотпорно Свети Николе.

Исто така, упатуваме благодарност до партнерите, менторите и членовите на комисијата кои дадоа свој придонес во целокупниот процес.

Избраните апликанти навремено ќе бидат известени за следните чекори и постапки што претходат на потпишувањето на договорите и реализацијата на проектните активности.

Ранг-листа на избрани проектни предлози

Ранг	Назив на проектната идеја	Назив на организација	Вкупно бодови (0–100)	Одобрен буџет ($)
1	„Од покрив до градина – дождовница за зелен училишен двор“	СОУ „Кочо Рацин“, Свети Николе	85.8	4,900
2	„Капка по капка – младинска климатска градина“	ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Свети Николе	85.2	2,700
3	Младински урбани еко-оази во Свети Николе	Извиднички одред „Гоце Делчев“, Свети Николе	82.6	4,500
4	Еко-Сцена: Рециклирај за билет – делувај за заедницата!	Здружение за креативен развој „ТЕТКА КАТЕ“, Свети Николе	79.4	2,655
5	„Од отпад до ресурс“ – училишна мини-компостара	ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Свети Николе	78.8	2,390
6	Зелен појас – „младите ја обновуваат природата“	Извиднички одред „Гоце Делчев“, Свети Николе	75.4	5,000
7	„Зелен Еко-Стадион: Младинска еколошка трансформација за климатски отпорно Свети Николе“	Здружение на спортисти ЗС ФК Овче Поле, Свети Николе	75.0	4,600
8	Чиста природа и обновени опожарени површини со младинска акција	Доброволно противпожарно друштво Свети Николе	73.4	4,039
9	Соларно осветлување на гимназискиот двор на СОУ „Кочо Рацин“	Училишен спортски клуб „Овчеполски асови“, Свети Николе	68.6	3,900
10	МИСИЈА 2050: Отклучи ја иднината! – Младинска интерактивна климатска Escape Room лабораторија	Здружение за креативен развој „ТЕТКА КАТЕ“, Свети Николе	66.6	2,350
11	GREEN FITNESS – „Вежбај за себе, грижи се за планетата“	Здружение за спорт и спортска рекреација – БОРАЛЕ, Свети Николе	65.6	4,400